ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), член 21 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19), а во врска со јавен оглас број 04-987/1 објавен на ден 18.6.2021 година, Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на кандидат за помошно-техничко лице – Хигиеничар во Општина Гевгелија**

1. По спроведената постапка за вработување, согласно Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи, за работно место Хигиеничар – 1 (еден) извршител, по објавениот јавен оглас во дневниот печат на ден 18.6.2021 година, е избиран кандидатот:

- Даниела Кочева, со адреса на живеење на ул. „Јосиф Јосифовски:" бр.80 од Гевгелија;

2. Со кандидатот од точка 1 на ова Решение ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.

3. Кандидатот ќе се вработи во Општина Гевгелија, на работно место, Хигиеничар.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 18.6.2021 година, Градоначалникот на општина Гевгелија објави јавен оглас број 04-987/1 од 18.6.2021 година, согласно Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр. 01-2216/1 од 03.10.2015, 01-730/1 од 23.04.2018, 01-1576/1 од 26.10.2018, 01-187/1 од 24.1.2019, 01-485/1 од 25.2.2020, 01-1013/1 од 23.6.2020, 01-1622/1 од 28.10.2020, 01-250/1 од 2.2.2021 и 01-856/1 од 26.5.2021 година, за работно место – Хигиеничар, 1 (еден) извршител. Огласот беше објавен во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" и на веб страната на општина Гевгелија, во траење од 5 (пет) дена.

Со Решение бр. 04-987/8 од 16.6.2021 година, од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија формирана е Комисијата за селекција на кандидат по јавен оглас за прием на хигиеничар, за проверка на пријавите и веродостојност на доказите и спроведување на интервју со кандидатите. На ден 28.6.2021 година Комисијата изготви Записник со финална ранг листа бр.04-987/16 и предлог-одлука за избор, со кој е констатирано дека единствениот кандидат ги исполнува бараните услови предвидени во јавниот оглас.

Изборот на кандидатот со кој ќе се склучи договор за вработување е извршен во согласност со актите и приложената документација на кандидатот од која е утврдено дека избраниот кандидат во целост ги исполнува бараните услови.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение кандидатот има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.04-1010/2
30.6.2021 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,

*м-р Сашо Поцков*

Изработил, Весна Хаџикојчева

Доставено до:
-Кандидатот,
-Одд. за човечки ресурси,
-Архива
-Агенција за вработување.